СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 4475/39
14.07.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 30-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 14.07.2023 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 30-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 16 советници. Еден советник ќе не следи преку мрежата на зум. Двајца советници најавија присуство во текот на седницата.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Најпрво сакам во име на Градоначалникот г-динот Митко Јанчев неговото отсуство денеска да го најавам, бидејќи има некои неодложни обврски.

За денешната седница доставен е и Записникот на 29-тата седница на Советот на Општина Кавадарци, тој е одржан на ден 21.06.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот на 29-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот на 29-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.Се придружија и двајцата колеги. Диме.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 29-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено и Предлог Дневен Ред за денеска. Тоа се следните точки:

Согласно Деловникот предлагам измена на редоследот на точка на дневен ред од точка број 15. Тоа е

1. Програма за Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер 2023“ подготвен и доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје да биде точка под реден број 1, а понатаму редоследно се менува бројот на точките.

2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година –Втор Квартал;
3. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година ;
4. Предлог –Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок11.1„Слога-1",КОКавадарци град, Општина Кавадарци;
5. Предлог –Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за „ УЕ 5, блок 5.5, "Уни Палас" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас и регулација на „Дабнишка река“ и нејзините притоки во опфат на с.Ресава, Општина Кавадарци;
7. Точка 6 се иззема од денешниот Дневен ред, па понатаму редоследно се менуваат бројот на точките.
8. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 19/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
12. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање ;
13. Предлог-Одлука за давање на управување и заштита на „12 бисти посветени на Ваташките Младинци„ на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за давање на трајно управување и користење без надомест на Спомен кука на 12-те ваташки Младинци на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Подиум Јадро);
17. Предлог –Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на Јавна Општинска установа - Локален Вински музеј за регион Тиквеш – Кавадарци;

18. Предлог –Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;
19. Предлог Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
20. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
21. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
22. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесен од дирекорот на на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
23. Извештај за работењето на ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за периодот од 01.01.2023-30.06.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„„ Кавадарци;
24. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈП „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
25. Стратегија за безбедност во сообраќајот на општина Кавадарци за период 2023/2027 со Акционен План за безбедност на патиштата;
26. Годишна Програма за работа на безбедност на патиштата за Општина Кавадарци за 2024 година;
27. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(лекување);
28. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(лекување);
29. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за штети настанати од поплави на територијата на Општина Кавадарци;
30. Извештај во врска со настанатите штети на земјоделски култури од невремето што ја зафати Општина Кавадарци на ден 17.06.2023 година;
31. Извештај за парцели кои се во градежен опфат;
32. Предлог-Одлука за примање на донација –движна ствар-туристички воз од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење без надомест на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
33. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Ќире Шопов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
34. Предлог-Одлука за примање на донација – метална одбојна ограда за поставување на еластична ограда од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија;
35. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Проект„ Изградба на улица „Лазо Асијата фаза 2„;

36. Предлог-Одлука за забрана за движење на тешки товарни возила со вкупна маса над 15 t, во деновите при екстремни високи температури;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на ваквиот дневен ред .Ве молам кој е за. Диме.

Констатирам дека е усвоен предлогот со точка 36

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет на општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Диме.Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог - Одлука за изменување и дополнување на возниот ред на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ на територијата на Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на ваквиот изменет дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот очка 38.Тоа е:

Одлука за изменување и дополнување на возниот ред на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ на територијата на општина Кавадарци

Почитувани советници дали има други предлози за измена и дополнување на вака изменетиот досегашен дневен ред. Бидејќи нема целокупниот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Со тоа преминуваме на реализација на денешниот Дневен ред, односно на првата точка од денешниот дневен ред.

1. Програма за Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер 2023“ доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје.

Пред почетокот на седницата имавм кординација со претставникот од Иновативa Груп Скопје каде што имаше излагање и на самта Програма за Културната Манифестација „Тиквешки Гроздобер 2023" кој ќе трае 4 денови. Имаше одредени забелешки и одредени гледишта како некои аномалии во текот на претходната година да се исправат. Пред нас е Програмата, пред вас почитувани советници за тоа како би изгледала овогодинешната манифестација Тиквешки Гроздобер за 23-та година, па точката 1 ја ставам на претрес. Дали некој бара збор. Повели Маневски.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. За оваа точка нема да го коментирам изборот на артистите, затоа што тоа е ствар на вкусови. Тоа ќе си го оценува народот и граѓаните. Јас она за кое што сум загрижен е тоа за сумата како се вреднуват локалните бендови, кои што треба да земат учество во одбележувањето на овој празник на градот. Сметам дека 0,1% од вкупниот колач вреден над 150 000 евра да оди за локален бенд е многу малку и е дестимулирачки. Според мене сумата со која треба да се платат локалните бендови мора да е поголема со цел да ги вреднуваме, да ги охрабруваме и младите да го следат тој пат на музика и култура и сметам дека треба да одвоиме поголема сума на пари за локалните бендови, затоа што ние доаѓаме до ситуација да за нив одвојуваме сума која што е многу минимална, во однос на онаа сума која што треба да ја земат други артисти, а и нема да коментираме за гостите од страна, туку за оние артисти од нашата држава. Затоа сметам дека тука мораме да ставиме акцент на ова и ова мора да се корегира со цел да ги вредниме и да ги наградиме нашите локални бендови за време на овој голем празник на градот.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Повели Вуко Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, граѓани на Општина Кавадарци и медиуми. Денеска имаме точка на дневен ред Програмата за Тиквешкиот Гроздобер. Едно од првите наши залагања овде во рамките во овој Совет беше начинот на кој што треба да се организираат културните манифестации во градот и нашиот предлог беше да не се дава како доделена надлежност на приватна компанија, туку истото да го прави Секторот за култура и сите културни институции кои што се под ингеренција на Општина Кавадарци

и мислам дека така ќе имаме па дури и подобро организиран Гроздобер и би имале многу поголемо вклучување и од наша страна во делот на давање предлози и сугестии во однос на начинот на организација на Тиквешкиот Гроздобер. Втора работа која што сакам да ја споменам овде е во делот на начинот на тоа како се избира самата компанија која што треба повторно да го организаира, а го организира изминатите 5 години. Тука барам одговор од страна на Секторот за култура. Дали имавте други компании што ви беа пријавени. Кои се критериумите. Како едноставно вршите избор на која компанија да прави организација на Тиквешкиот Гроздобер, бидејќи ќе се сложите сите дека е симптоматично што 5 години една иста компанија ја добива да ја работи оваа работа. Втора дилема која што ја имавме и минатата година е во делот на наплата на простор кој што го користат кафиќи, ресторани и слично за делот за шанкови. Дали издавањето на јавен простор го прави и го наплаќа Општина Кавадарци или го прави и оди на сметка на приватната фирма и дали приватната фирма има право да наплаќа за користење на она што претставува јавен простор. И трета работа искрено сте можеле барем овој дел, знаете како велат внимавајте онаму каде што е ситно, па овој дел за буџетот сте го направиле со најситни букви да не може едноставно човек да не може ништо да виде во однос на оваа работа и во однос на тоа каде се трошат финансиските средства. Јас имам дилема во однос на тоа дали одредени артисти кои што ќе настапуваат на Тиквешкиот Гроздобер во исто време имаат склучено договор за застапување, односно за менаџмент, односно компанијата во исто време им е и менаџер и ги ангажира на настан кој истата го организира, односно ги ангажира на Тиквешкиот Гроздобер и дали има таква ситуација и дали доколку има сметате дека тоа е коректно и во ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Ајде Секторот култура едно кратко појаснување околу тоа. Повели.

СОВЕТНИК ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СУЗАНА АНДОНОВСКИ: Почитувани присутни. Оваа година на јавниот конкурс за избор за делегирање на надлежност и за организација на културните манифестации беа пријавени 4 фирми, од кои едната беше на самиот почеток ликвидирана, затоа што ја немаше потребната документација.

Останатите две, едната немаше искуство, јас сега го немам пред мене записникот точно од Комисијата и едната немаше доволно искуство во организирање на овие настани и третата исто имаше недостаток на некои документи. Единствено Иноватива беше со полна документација и Предлог-Програма која беше во соодност со нашиот буџет и нели по мислење на сите членови и Претседателот беше избран. Значи на тој начин секоја година, години наназад се избира оваа фирма. Мислам дека е доволно.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседателе од место, ќе бидам краток. Излагањето на Сузана е прифатливо, али секогаш стрчи да од 4, 5 фирми на сите нешто им фали и останува само една, за мене е валидно ако има јавно надавање, како што одат сите тендери во Општината. Оваа работа ја пратам повеќе години и у сите моменти на сите нешто им фали, само еден е исправен, а не е добро за советниците и за граѓаните, да се најде некој начин да бараме учесто или критериуми што ќе ги исполнат од 4 барем 3 фирми и да има електронско надавање. Сега ние правиме критериуми, знаеме кој треба да добие и точно штелуваме тој што има и сите не ги исполнуваат условите само тој ги исполнува. За мене ова не е добро, макар што не негирам дека 17 57 , начинот на постапка не е добар.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи во однос на изборот на фирмата, треба да ни кажете врз основа на кои критериуми ги одбирате, пошто вака е многу затворено и нетранспарентно постапката да ни кажете дека на некој му фалел документ, некој немал искуство. Кои се критериумите врз основа на кои што ја бирате оваа компанија 5 години по ред. Тоа е една работа. Втора работа дали закупот на простор кој што го плаќаат оние кои што имаат ресторани, винарии, кафиќи, кои што изнајмуваат јавен простор за време на Гроздоберот, тие финансиски средства ги уплаќаат на компанијата или ги уплаќаат на Општина Кавадарци и третото прашање беше дали одредени артисти кои што треба да настапуваат и кои што се платени од страна на Општината, на компанијата , дали компанијата која што ги ангажира му е во исто време и менаџер.
СОВЕТНИК ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СУЗАНА АНДОНОВСКИ: Прво за јавниот конкурс, ние ја имаме цела документација, ја чуваме и сите пријави, од сите фирми. Советниче оваа година прв пат има повеќе пријавени. Пред тоа немаше волкава заинтересираност и

може да се доставaт до советниците и записник од Комисија и се. Во однос на наплата на простор. Средствата од штандовите одат на сметка на Иновaтива, како што одат и сите донации што ги собираме од останатите генерални спонзори или покровители, нели има различна, во однос на тоа кој колкави финансии дава, еден е генерален спонзор, еден е спонзор, друг е покровител и сите тие средства и средствата од наплата на простор одат кај Иновaтива, меѓутоа Иновaтива на крајот ни дава извештај каде ги троши тие пари. Значи од таа сума што ја плаќа Тиквеш, еве да го земиме како пример, како Генерален спонзор, плаќаме на Иновaтива, од таа сума Иновaтива плаќа за изнајмување на штандови, значи ние му обезбедуваме се на Тиквеш, он не носе ништо од нив, не носат ништо, имат обезбедено довод на ел. енергија, довод на се што е потребно за да функционира тија шанкови, шатори, маси, се што му е потребно, се покрива исто пак од таа сума и сите средства и донации одат на сметка на Иновaтива, на Општината не оде ништо.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали Иновaтива е задолжена да го известе Советот и Општината за потрошените пари и Извештајот да го реализира после тоа.

СОВЕТНИК ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СУЗАНА АНДОНОВСКИ: Да, да. А исто за буџетот искоментирате. Овој документ во PDF формат го имате електронски. Таму многу лесно може да се зумира и да се виде мислам во однос на тоа колку е ситен буџетот. Во однос на забелешката на Павле во ред, мислам ќе се разгледа можноста и да се распределе, од некаде да се намале, нешто да се додаде на нашите домашни артисти.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Како што информира претставникот 9 групи да бидат локални, наши естрадни локални групи на Паркчето спроти Полицијата и тоа е предвидено да бидат во текот на овие три дена, меѓутоа во ред забелешката на советникот е во границите на нормала.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Во однос на конкурсот и компанијата дај да ги видиме записниците, меѓутоа самиот начин на кој што се бира компанијата и која што се бира 5 години уназад мислам дека е нетранспарентен и има основа и простор за сомнеж и од наша страна како советници и од страна на граѓаните, бидејќи ако ние не сме информирани и ако не може тука да ни образложите и да ни објасните како една иста

компанија ја бирате 5 години по ред тогаш како ќе им објасните на граѓаните и како граѓаните ќе ве разберат. Втора работа. Приватна компанија не смее да наплаќа надомест за јавен простор. Вие нив им давате да наплаќаат надомест за јавен простор. Значи договор за донација, донација е врз добротворна основа, сакам јас тебе да те помогнам или да го помогнам Гроздоберот. Вие ги условувате да ви даваат донации, а за возврат на тоа му изнајмувате јавен простор. Јавниот простор може да го изнајмува само оној кој што е задолжен за таа работа, а тоа е Општината и сметам дека тука имате сериозен проблем во делот на наплата на приходи кои што не смее да ги наплаќа компанијата. И во однос на буџетот и артистите, па токму и тоа е идејата. Значи како велат таму каде што е ситно, таму да внимавате, таму е во суштина кваката. Никој не ми даде одговор за артистите, а сите знаеме дека има артисти кои што ги застапува компанијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање, заедно со барањето за аванс за исплата на 50% од средствата на Општина Кавадарци, планирани за Тиквешкиот Гроздобер 23-та година. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. 10 за. Против. 1 воздржан. Му се заблагодарувам на претставникот на Иноватива и на Секторот култура на Општината, така да можете, слободни сте во однос на денешната седница.

Почитувани советници пристапуваме кон втората точка од денешниот дневен ред. Тоа е:

2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година –Втор Квартал;

Повелете претрес. Кој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми почитувани присутни, колеги советници, почитуван Претседател на Совет. Значи на денешната седница го имаме Кварталниот Извештај за извршување на буџетот на Општина Кавадарци за вториот квартал, односно за периодот од 01.01. до 30.06.2023 година. Според овој Извештај извршување на буџетот за 2023 година го имаме следниот процент: Во делот на Тековно оперативните приходи е 39%, а во делот на Капиталните приходи 20% и кога би направиле анализа во кои приходи какво е остварувањето, ќе дојдиме до констататацијата дека карактеристиките што беа во првиот квартал остануваат како основна карактеристика и во извршувањето на вториот квартал, односно поголемо остварување на буџетот имаме во делот на наменските дотации и средствата што доаѓаат од централната власт за покривање на

трошоците на локалните институции. Тука процентот на извршување е оптимален, приближно 50%, а кај Основниот буџет имаме помало остварување, околу 30%, кај Самофинансирачките активности имаме поголемо остварување од Основниот буџет околу 33%. Таква слична распределба на остварување на приходите беше и кај првиот квартал, исто и кога би направиле подетална анализа во делот на самите приходи, ќе видиме дека кај даночните приходи имаме поголемо остварување на приходите отколку кај неданочните приходи и во делот на даночните приходи и поголем процент и тоа над 50% имаме остварување кај данокот од доход, посебно кај данокот по основ на плати, кај остварување на персоналниот данок, додека многу мал процент на остварување имаме кај неданочните приходи. Тоа беше и првиот квартал, тоа беше кажувано и на седницата кога и го носевме овој буџет дека неданочните приходи ни се тешко остварливи, што исто се потврдува и со овој Квартален извештај и се поставува прашање дали ќе успееме во следните два квартала, во следните 6 месеци да ги надокнадиме приходите што не сме успеале да ги оствариме по основ на неданочни приходи бидејќи остварувањето на неданочните приходи е мал процент 10% , веројатно и во наредниот квартал, наредниот период ќе биде тешко остварливи овие приходи, тоа го зборувавме неколку пати и претходно, но да се надеваме и да очекуваме дека ќе имаме приход по други основи. Дали информации имаме како Општина и како служби на нешто се работи, имаме некои сознанија дека ќе бидат остварени по друг основ или поинтензивно ќе се работи во наредниот период се со цел да се оствари буџетот во поголем процент за да можеме да ги покриеме сите планирани активности, до крај на годината и во делот на трошењето на средствата, значи истата ситуација е , значи кај платите мораме да ги покриеме трошоците и тука е оптимално остварувањето на буџетот 50%, кај стоките има мало остварување 30%, значи тука имаме можност за заштеди и да трошиме малку помалку стредства од планираните, заради тоа што не сме ги оствариле приходите како што биле планирани е кај капиталните расходи, тука имаме мало остварување 17% . Обично кога ќе направиме споредба и со другите квартални извештаи од претходните години, значи капиталните расходи, најчесто се прават во вториот семестар, во третиот и четвртиот квартал. Да се надеваме и да очекуваме дека и тука ќе има поголемо остварување, се со цел да биде поквалитетно извршување на буџетот за 2023 година. И кај капиталните расходи кога ќе направиме анализа, значи поголем процент на остварување на буџет имаме во делот на купување на опрема и на машини. Значи тука е процентот 28%. За да биде поквалитетен пак да кажам поквалитетно извршување на буџетот подобро би било кога и во капиталните расходи би имале инвестиции во некои објекти градежни кои што и подолг период ќе го користат граѓаните на Општина Кавадарци, а секако и идните генерации и тоа е во делот на извршување на буџетот. Во делот на обврските, значи ги следиме

обврските на Општина Кавадарци континуирано и со 30 јуни, значи околу 14, 15 000 000 се обврските доспеани над 60 дена. За мал износ се помали во однос на 30 март и пак би апелирала да го имаме тој тренд, да обврските ги одржуваме на тоа ниво и мислам дури ако може да бидат и помали да фирмите и сите други кои имаат побарувања од Општина Кавадарци навремено да си ги добиваат средствата, затоа што тоа е во интерес не само на тие што имаат побарувања, нормално на сите други субјекти што се директно или индиректно поврзани со нив. Значи останува да го следиме извршувањето во наредниот период и да Општината биде насочена на остварување на сите оние приходи што не сме успеале предходните 6 месеци, се со цел да имаме остварување на повисок процент на буџетот со наредниот квартал и нормално со завршувањето на годината.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на извршувањето и реализацијата на приходите што е она што плаши. 29 % имате реализација на она што претставува вкупни, тековно оперативни приходи. 170 000 000 денара во однос на 568 планирани што претставува слабо ниво на реализација. 33% имате реализираност кај самофинансирачките активности и најголем процент на реализација, а и тие се во суштина и најголеми е кај дотациите кои што доаѓаат **од страна на централната власт и** таму имате најголема реализација на оноа што претставува приходи, односно, 49%. Ќе се задржам оноа што претставува работа да Општината, односно е под ингеренција на Општината да си го прибере како финансиски средства, а тоа се оние приходи кои што даночни, неданочни приходи и разни такси и слично кои што ги наплаќа Општината. Значи во однос на даночните приходи од 248 000 000 имате реализирано 90 000 000, односно 36% самореализација на даночните приходи што е изненадувачки ниско. Во однос на данок на имот од 88 000 000 планирани имате реализација од 28 000 000 односно некаде 30 %. Зачудувачки е слаба наплатата на данок на имот од страна на правните лица кај што има само 17% наплата на данок на имот, односно 25 000 000, кај што се планирани и буџетирани негде отприлика 4,5 000 000 реализација. Кај даночните приходи работата стои секогаш најслабо. Зошто. Бидејќи овие добивки од страна на јавни претпријатија, формирани од Општината ги стават единствено да го пумпате буџетот и немате одговор на тоа како ќе ги надополните тие финансиски средства и ако после 6 месеци и самите сте свесни дека ЈП Комуналец кај што имате префрлено добивка нема да може ни приближно, дури ни 1% да ги врати назад во Општината, а тоа е едно сериозна сума која што сте ја испланирале од 143 000 000 денара, а имате реализација 0. Во делот да кажам на собирање и прибирање на приходи влијае на крајот на денот на оноа што претставува реализација на расходите, односно она што сме планирале да го работи Општината. Споменав и претходно дека најдобра реализација имате кај оние дотации кои што ги добивате од страна на централаната власт. Наменските дотации ви се со реализација од

49%, приходите кои што ги остварувате врз основ на поврат на ДДВ се реализирани во однос од 46%. Кај капиталните приходи имате само 20% реализација, односно од вкупните планирани 74 000 000 денара имате реализација од само 15 000 000 денара и споменав дека сето овоа го загрозува оноа што претставува реализација на расходниот дел посебно на она што претставува капитални расходи, бидејќи ако ја земете структурата на расходи која што ја планирала Општината во однос на плати, колкав е износот во однос на плати кој што го имате планирано 97 000 000 на ниво на цела година, ако го земете овде и делот на привремени вработувања кои што изнесува и е веројатно еден од поголемите или веројатно најголем за Општина од аспект на жители на Општина веројатно одвојуваме најголем износ за привремени вработувања, кај што имате планирано 32 000 000. Ако се вратиме колку било пред само неколку години, пред само 4, 5 години гледаме дека истиот износ е за 10 пати зголемен и слабата реализација на приходите на крајот ќе се рефлектира врз она што претставува реализција на она што го има Општината планирано како капитални расходи, иако дискутабилно е каков е и колкав е квалитетот на капиталните расходи, кои што сте ги планирале, каков импакт ќе има во однос на развој на економијата и во развој на економската активност. Значи дискутиравме и на претходни седници дека станува збор за планирање, за крпење, за асфалтирање на улички, односно немате капитален објект кој што е планиран, а и овоа што ви е планирано има голема шанса да не се оствари врз основа на начинот на кој што се реализираат приходите досега и не знам на пр. како тие 143 000 000 кои што ги планирате да ги остварите од ЈП Комуналец како ќе ги надокнадите се со цел да изреализирате се она што сте планирале на почетокот на годината. Во однос на оноа што претставува долгови на Општината, состојбата со кредитите е речиси иста во однос на минатата година, имаме само плус 2 лизинга ми се чини, не знам дали лизингот за ЈП Комуналец од 21 000 000 мислам дека не е вклучен во Кварталниот Извештај бидејќи не сум сигурен дали е вклучен, пошто не можам да го најдам, меѓутоа има оваа година Општината еден лизинг за ЈП Комуналец, друг лизинг за ЈП за паркинзи и кога ќе погледнете од аспект на долгови тргнува и Општината и јавните претпријатија значи е прилично лоша состојбата како што беше и минатата година во однос на доспеаните, а не платените обврски можам да кажам дека во однос на минатата година кај што имавме скоро 150 000 000 денари долг сега е значително намален што сериозно влијае позитивно и во делот на ангажирање на компании кои што треба да извршуваат работи на Општината, бидејќи Општина која што не плаќа тешко може да привлече компании да им конкурираат на тендери и да им изведуваат работи. Од тој аспект можам да кажам дека е добар овој тренд и се надевам дека истиот ќе се задржи во однос на доспеаните долгови према компаниите.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Советот, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувана јавност. При анализата на Кварталниот буџет на Општина Кавадарци постојат неколку клучни точки на кои можеме да се фокусираме, најнапред изворите на приходите група 71 во 23-та година Даночни приходи реализирано 90 533 000 . Во однос на планираните 248 750 000 е 36,4%. Истата група на даночни приходи за 22-ра година за истиот период реализирано е 149 000 000 од предвидените планирани 211 300 000 или 70,60 % . Група 72 Неданочни приходи во 2023 година реализирани 20 968 000 или 9,9%. Во однос на 2022-ра Неданочните приходи реализирани 16 162 000 или 7,4% .Правам споредба помеѓу истиот квартал од 2022 и овој квартал од 2023 година од две причини. 2022 година беше на некој начин тешка година и ради инфлацијата што беше дупла поголема во однос на овој период сега и ради тоа што на крајот на 2022 година нашата Општина беше прогласена како најдобра меѓу 80-те и ние треба да се стремиме да останиме така по реализацијата, по остварувањето на буџетот. Група 73 во 2023 година Капитални приходи, реализација во износ од 15 171 000 денари. Во однос на планираните 74 168 000, изнесува процент на реализација 20,46%. Во споредба со 2022 година Капиталните приходи за истиот период се реализирале 25,18%. Група 74 Трансфери и донации реализација 47,27 за овој период во 2023 година, за истиот период во 22-ра 46, 61%. Во делот на расходите група 40 во 2023 година Плати и надоместоци за овој период 48,94%, за истиот период минатата година 48,91. Тоа се Плати и надометоци кои што се многу идентични, нешто се поголеми во текот на оваа година, меѓутоа тоа е заради порастот на просечната плата во Р. Македонија. Група 62 во 2023 година Стоки и услуги реализација во износ од 84 228 000 денари. Во однос на планираните 276 511 000 денари, изразено во проценти 30,46 % реализација. За истиот период минатата година 27,45% реализација. Група 4 6 Субвенции, Трансфери оваа година реализација 46,2%, во однос на минатата година 32,49% и група 48 Капитални расходи што е показател за некое работење во овој период и во однос на минатата година реализирани се 50 075 000 денари во однос на планираните 304 000 000, реализација 16,44 %. За истиот период минатата година реализирани се 147 811 000 денари или 48, 62%. Од изнесената анализа на кварталната реализација на буџетот за 2023 година може да се заклучи дека во 2022 година за првите 6 месеци процентите на приходната страна се доста поголеми во однос на процентите на приходната страна за реализацијата на буџетот во 2023 година. Истото тоа е и со процентите на реализацијата на расходната страна. Ова укажува на фактот дека во 2023 година имаме недостаток на средства како би можеле да се влегува во реализација на проекти за кои треба да се обезбедат средства на приходната страна. За оваа фактичка состојба во Кварталниот Извештај укажува и образецот К2 од кој се гледа дека во јануари 2023 година достасаните обврски на Општината биле 1 094

000 денари за да на 30.06 23-та година пораснат на износ од 14 408 000 денари. Не е тука Градоначалникот, планирав и него да го прашам, како предлагач на буџетот дали се реално предвидените износи на приходната страна и дали има изгледи истите да се реализираат без да се прави ребаланс на буџетот, со кратење на приходната и расходната страна, меѓутоа тука има од службите, може да ми објаснат дали реално може да очекуваме приходната страна да се реализира, за да нема ребаланс за намалување и на приходната и на расходната страна. Исто така барам објаснување, затоа што во добиените материјали тоа не можам да го видам колку и до кој степен е реализацијата на капиталните проекти кои беа предвидени во буџетот на 2023 година. Тука спаѓаат инфраструктурните објекти, изградбата и одржувањето на патишта, комуналните услуги и други развојни инцијативи кои влијаат врз долгорочниот раст и економскиот развој на Општина Кавадарци. Многу кратко е објаснувањето, не можам да видам и тоа е прашање за вас. Неспорен е фактот дека финансиските резултати не се на ниво на моите очекувања, но јас очекувам дека дека до крајот на 2023 година не Даночните приходи кои се сега со процент од 9,90% да бидат во целост реализирани. Исто така очекувам дека до крајот на годината ќе биде многу поголем процентот во остварувањето на капиталните приходи. Ова го очекувам од следниве причини: Стапката на невработеност во нашата Општина е некаде околу 2%. Цената на струјата е многу постабилна во однос на претходната година, инфлацијата сега е околу 10%, во однос на минатата година кога беше за истиот период околу 20%. Просечната плата во Р. Македонија во нашата Општина е на повисоко ниво од претходната година и потрошувачката моќ на граѓаните е повеќе ако се оде со истиот тренд на раст во однос на инфлацијата. Реализацијата на буџетот мора да биде според финансиските регулативи, стандардите за известување и практиките на транспарентност. Исто така една ваква финансиска ситуација каква што сега ја гледаме дали ние имаме финансиски средства за некои непредвидени трошкови, средства или заштеди за идни проекти или за итни случаеви. Нашите граѓани мора да се информираат каде се трошат нивните пари, да им се соопштат деталите за буџетот, за нашите приоритети и влијанието врз локалната заедница, граѓаните мора да бидат запознаени со распределбата на буџетските средства, во јавната безбедност, развојот на инфраструктурата, здравствената заштита, образованието, социјалните услуги, спортот, културата, развојот и туризмот. Ви благодарам и очекувам одговор.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Бидејќи тука ни е претставникот од секторот. Може Цане од место.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ЦАНКА ЈОВАНОВСКА: Благодарам. Значи што се однесува до тоа дали ќе има ребаланс или не, значи буџетот е само план и зависно од тоа како се реализира и како се најавува потреба од ребаланс се прави секоја

година ребаланс, ќе има и оваа година, меѓутоа евидентно е дека последните неколку години во целина ако ги анализираме буџетите ќе видиме дека имаме многу висок процент на извршување. Тоа значи дека преку ребалансите ги пегламе недостатоците во планирањето, што е нормално, што е предвидено со законот и не може до 100 постотна точност да се испланира ниеден план нели. Заради тоа и постојат ребалансите и ќе има и овој буџет ребаланс и ќе се пренасочуваат средствата . Битно е сепак дека реализацијата е добра 40% е реализација досега, јас мислам дека е високо ниво на реализација, со тоа што даночните решенија и решенијата за комунална такса за истакната фирма се доставени покасно оваа година и покасно следува напојувањето со средства по тој основ, така да реализацијата уште ќе се зголеми во наредниот период. Во моментов уште се издаваат решенија. Тоа сето се направи заради пеглање со законот. Значи законот предвидуваше дворното место претходно да биде оданочено со 0,10%, измените од минатата година беа дека треба да се стави стапка од 0,05%, односно да се следи стапката на објектот. Ако објектот е во сопственост и во живеење, во користење во сопственикот оде стапка 0,05% и за објектот и за дворот. Тоа предизвика измени и во зонирањето. Сето тоа влијаеше на изготвувањето на решенијата, малку ги закаснивме, сега се носат и тоа влијае секако и на извршувањето. Сепак извршување од 40% не е мал процент. Значи најголема насока за нас, значи најголема определба е извршување на буџетот во делот на расходната страна во целина, а приходите дали ќе бидат основите кои се предвидени или ќе има промени во тој дел, тоа само ќе покаже значи наредниот период. Очекувам во неданочните приходи да има одредени измени, а таму каде што очекуваме од ЈП, меѓутоа така беше и минатата година, тоа беше една политика на дејствување на овој Градоначалник, се разбира и на овој Совет, уште при донесувањето на буџетот тоа го кажавме транспарентно, во овој момент ние може да оствариме, да планираме максимално толкав буџет за да можеме да ги распишиме тендерите. Тие средства во тој момент не сме сигурни по кој основ на приходирање ќе дојдат бидејќи се работи на повеќе полиња. Од таа причина се предвидени на таа позиција, но потоа се прераспоредуваат од таму каде што ќе успееме да ги наплатиме. Се предвидуваат приходи и од продажба на објекти на кои се работи, во моментов на урбанистичките планови, па сите тие работи се врзани со рокови и со многу министерства, значи предметите одат, се враќаат итн. и роковно дали ќе завршат во точен рок не е условено само од нас. Од таа причина не можеме со сигурност да ги предвидиме баш на таа позиција. Тоа оставаме планирање да се изврши тековно, како ќе биде потребно.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам претставничке. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12. За. Благодарам Диме. Против. 5. Воздржан 1. Пристапуваме кон третата точка од денешниот дневен ред.

3. Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Бањанска. СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Почитувани присутни, почитувани сограѓани, почитувани медиуми. Во врска со Предлог-Одлуката за распределба на средства од буџетот на Општина Кавадарци за 2023, 24-та година сакам да предложам во финансовиот план со кој се врши распределба на средствата од буџетот на Општина Кавадарци во ланч пакетот за исхрана на учениците од прво до петто одделение да биде застапено едно парче овошје секој ден. Градоначалникот во својата Предизборна програма ветуваше оброк кој ќе биде здрав и ветуваше дека ќе одели од буџетот на Општината за секое дете 100-150 денари. Парчето овошје кога би било прифатено секој ден ни приближно не стигнува до оваа цена по ученик, меѓутоа предлогот го давам чисто од аспект на стекнување на добри и здрави навики во исхраната на најмалата популација. Да ја потикнеме најмалата популација на консумирање на овошје и свежи продукти кои би ја збогатиле нивната ужинка. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Советник Перо Николов повели.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседател, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Значи би сакал само да се навратам и да ја потенцирам вредноста на успешно реализираниот проект Бесплатен оброк за секое дете. Сведоци сме на успешните 2 месеци што беа реализирани во претходната ученичка година, во месец мај и јуни со кој се обезбеди оброк за сите ученици од прво до петто одделение и ова беше едно од предизборните ветувања на г-динот Митко Јанчев и на ВМРО ДПМНЕ со Коалицијата. Овој проект започна со многу позитивни коментари, со задоволство кај учениците кое што беше и очигледно. На неколку средби со дечињата беше потврдено дека истите се радосни и дека оброкот кој што го примаат е според нивните очекувања и побараувања. Можам слободно да кажам дека ова беше квалитетно приготвено и нутриционистички здрава храна, кое беше проследено со пијалоци и ужинки и беше изработена според сите стандарди од Агенцијата за храна и ветеринарство. Ова е уште еден доказ дека Градоначалникот Митко Јанчев и ВМРО ДПМНЕ успешно реализираа еден капитален проект, кој е само еден од низата на капитални проекти, кои што беа во нашата предизборна кампања. Грижата за првиот оброк сега е во наши раце и се покажа како успешен и соодветен. Ова е уште еден успешен проект во низата на проекти и со ова може да кажеме дека ја доближуваме Општина Кавадарци до сите градови од Европа. Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци се грижат за сите граѓани. Благодарам.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани

граѓани. По спроведениот пилот проект мислам дека мкжеме да дадеме некои свои видувања, критики, насоки со цел подобрување на работите во иднина. Најавата за здрав оброк со вакво мени кое што се спроведе во изминатиов месец и пол, од почетокот на мај до крајот на школската година сметам дека не може да го добие епитетот здрав според самата содржина на менито. Зошто. Според последниот Правилник од МОН за тоа како треба да изгледа оброкот за децата од основно образование во последниот член стои препорачано честота на категории на храна во неделно мени и таму стои вака: Млеко и млечни производи секој ден, месо, јајца, мешунки најмалку 3 пати неделно, риба најмалку еднаш неделно, житарки и производи од житарки секој ден, зеленчук и овошје секој ден и на крај намирници со масти и прости шеќери еднаш неделно, а не секој ден, затоа што во менито може да се забележи дека се дава лиснато, баничка, пак лиснато, кроасан, геврек. Сметам дека далеку е од епитетот здрав оброк, затоа мора да се ревидира и ако треба да се зголеми буџетот со цел да се добие навистина здрав оброк за секое дете и сметам дека освен за дечињата од прво до петто одделение, треба ова да ги опфаќа сите дечиња од основно образование. Затоа што од мали нози се создава оноа здрава навика за здрав оброк, која што треба подоцна да ја применуваат во тек на живот и да ја пренесуваат на идните генерации. И за крај дали знаете ова е реакција значи и од родители на деца, дали знаете каква храна се дава на децата кои се алергични и не смеат да јадат секаква храна. Се давало пуканки и смоки. Тоа не е здрав оброк. Далеку од здрав оброк. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Повели Вуко.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колеги вака. Пред оваа точка го дискутиравме Кварталниот Извештај и таму нема многу што да се пофалите и многу што да кажете, бидејќи од аспект на капитални расходи и од аспект на оноа што е сработено е многу минимално сработено оваа година. Единствената работа за која што можете да кажете дека нешто сте направиле е овој оброкот кој што го воведовте и тоа не во однос на оноа што го ветувавте во изборната кампања. Добро е тоа што што се држите до изборната кампања, меѓутоа според мене треба да се држите до крај во однос на оноа што сте го зборувале. Во изборната кампања вика вака: Обезбедување на бесплатен оброк за сите ученици од прво до петто одделение. Со тоа околу 1800 ученици ќе добијат по еден здрав оброк на ден со специјално мени, подготвено од нутриционист. Пред да излезам на говорница го гледав менито и во менито имате пита, имате кроасан, имате ѓеврек, имате ладен сендвич и секој ден тоа, значи секој ден имате тестенини што не може да се нарече дека претставува здрав оброк. Планираната сума која што сте ја ставиле овде е 50 000 000 денара. Од 50 000 000 денара оваа година за цела учебна година се планираат 19 500 000 денара. Поделете по

бројот на ученици и по број на школски денови излегува негде околку 60 денара да чини еден оброк. Со оваа сума која што сте ја планирале излегува негде 150, 160 денари. Разговаравме и претходно, пред да се спроведе овој да кажам пилот проект и со Градоначалникот, верувам и со дел од вас и идејата на Градоначалникот како што ми ја презентираше мене беше дека треба да им се даде на децата здрав оброк, меѓутоа со тоа се соочите со проблем дека во најголем дел од училиштата нема мензи и тоа не сте го антиципирале и не сте го зборувале во рамките на изборната кампања и сте ги лажеле граѓаните и сега кога доаѓате до проблем гледате колку нешто да ја запазите само формата и да им дадете нешто на децата што сметам дека не е коректно и не е во ред да се постапува и да се презентираат јавни политики на таков начин. Друга работа која што ја слушам како критика од страна на учениците, значи не е точно дека најголем дел го конзумираат оброкот, по оние информации што јас ги добивам дека најголем дел или да речам пола, пола е поделбата, половина конзумираат, половина го земаат и го носат дома или го фрла и тоа е на пример прашање кое што треба да си го поставиме зошто е така. Од здравствен аспект да поставиме прашање дали е во ред секој ден да им даваме тестенини, а од овој другиот аспект да видиме зошто децата избегнуваат дел од нив да го конзумираат и трета работа која што исто така ја спомнуваат голем дел од граѓаните како критика, проектот се реализираше во последните 2 месеци, месец и пол при крајот на учебната година и бидејќи ги зафаќа учениците само од прво до петто одделение, не направивте промена на смена. Дали тоа ќе продолжи и оваа година пошто гледам дека сте решиле да ја терате работата со банички и со сендвичи. Дали тоа ќе продолжи и оваа година, да имате од прво до петто бидејќи најголем дел од училиштата во Кавадарци не можат да организираат едносменска настава, а овој оброк кој што им го давате не само што не е добар секој ден да го конзумират како појадок, мислам воопшто е несоодветен да им го давате на децата за ручек и затоа ги задржавте минатата година да одат само од прво до петто во прва смена. Дали тоа ќе остане и дали планирате да си го исполните до крај изборното ветување за здрав оброк. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Бидејќи нема збор, не бара никој точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за во сала. Диме. За. 12.7 воздржани. Во ред пристапуваме кон четвртта точка од денешниот дневен ред.

4. Предлог –Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „Слога-1", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 17 за. 1 против.

5. Предлог –Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за „ УЕ 5, блок 5.5, "Уни Палас" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање.17 за. 1 против.

6. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас и регулација на „Дабнишка река" и нејзините притоки во опфат на с.Ресава, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. За. Во ред Диме.

7. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 19/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Диме. За. 1 воздржан.

8. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. Се извинувам 1 воздржан, другите за.

9. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Диме. За. 1 воздржан, сите за.

10. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 1 воздржан. Диме.За.

11. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Диме. За. Едногласно.

12. Предлог-Одлука за давање на управување и заштита на „12 бисти посветени на Ваташките Младинци,, на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Во врска со оваа точка сакам да ја поздравам инцијативата. Благодарност до сите советници, од сите советнички групи,

независни советници, општинска администрација, Градоначалник за прекрасната изведба и начин на функционирање на прославување на 80 години од денот на стрелањето на 12-те Ваташки Младинци, кое се одржа на 16-ти јуни на Моклиште, на локацијата, значи одлично организирано. Точката ја ставам на гласање. Повелете се извинувам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи да не користиме термини, што не се соодветни. Станува збор за чествување, не за прослава и треба начинот во иднина на кој што се одбележува да биде во однос на чествување на оние кои што дале жртва, а не на прослава. Само тоа.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас се надевам дека со склучување на оваа спогодба и со отстапувањето локалниот музеј ќе биде добар домаќин. Имам забелешка за две работи, не за прославата, туку за Спомен куќата и тие плочките што се направени пред Спомен куќата, нивото му е никакво, како да се без надзор. Нивото веде накај Спомен куќата. Ако некој го слуша ова, нека си провере додека уште не е предадено во употреба, не знам како да го кажам тоа, нека си ги корегира тија, водата се собира од дождовите накај куќата една работа и второ кога се врте накај споменикот 12-те Другари има едно како мало дете да го пишело знакче мало. Јас предлагам да се направе убава табла каде што ќе се знае патоказот дека тука се врте накај споменикот. После прославата што беше, чествувањето што беше се извинувам направено, голем број на граѓани од цела Македонија веќе идат често пати и сакат да ги посетат, да го видат тој споменик. Треба да бидиме подобри во тија дел, а не како мало дете да си играело на знакот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вашите забелешки ќе бидат пренесени до менаџерот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци и се надевам дека во заеднички дијалог и раговор ќе најдиме заеднички соодветно решение. Ви благодарам. Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. За.

13. Предлог-Одлука за давање на трајно управување и користење без надомест на Спомен кука на 12-те Ваташки Младинци на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. За Диме. Пристапуваме кон 14 точка.

14. Предлог-Одлука за за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци;

Едно мало излагање пред тоа ќе земам.
Почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на територијата на Општина Кавадарци. Голема благодарност до вас, до целиот Совет кога оваа идеја во текот на лансkата година беше преточена во реализација, каде што секое запишано прваче на територијата на Општина Кавадарци беше наградено со еднократна парична помош за нивните семејства за успешно запишување во прво одделение. Се надевам дека овој износ и оваа година со продолжување на традицијата ќе му олесни на фамилиите на нашите Кавадарчани за полесно пребродување на почетокот на школската година, бидејќи знаеме дека финанскиот буџет на нашите семејства е се потенок, така да се надевам со оваа финансиска инекција како Совет и како буџет на Општина Кавадарци ќе му помогниме на нашите граѓани за што полесно да го поминат месец септември и нека му е со среќа. Се надевам дека ќе имаат успешен старт и се за добро.
Дали бара збор некој друг. Бидејќи не бара, одиме на гласање. Кој е за. Едногласно усвоено.

15. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Подиум Јадро);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 18 за. 1 воздржан.

16. Предлог –Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на Јавна Општинска установа - Локален Вински музеј за регион Тиквеш – Кавадарци;

Тоа е 16-та точка. Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор. Повели Николов.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Овде станува збор за изземање на Јаким Зимовски како член на Управниот Одбор и треба да се ставе член од внатрешните редови на установата и се предлага да биде г-динот Раде Атанасов.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Пере. Дали некој друг бара збор. Бидејќи нема, точката ја ставам на гласање. За.

17. Предлог –Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Повели Николов.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За член на Управниот Одбор се предлага овде Ѓорѓи Илов.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. За.

18. Предлог Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Овде станува збор за самоинцијативно отстапување на местото заради конфликт на интереси, мислам дека е. Станува збор за член на Надзорниот Одбор на ЈП Комуналец.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Пристапуваме кон 19-та точка од денешниот дневен ред.

19. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. 11 за. 12. Со Димето Против. 4 против. 1 воздржан.

20. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 18 за. 1 воздржан.

21. Годишен План за вработување за 2024 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесен од дирекорот на на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

21 точка. Кој е за. Диме за. 18 за. 1 воздржан.

22. Извештај за работењето на ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за периодот од 01.01.2023-30.06.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„„ Кавадарци;

Тоа е 22-ра точка од денешниот дневен ред. Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за.Против нема. Воздржан. 6.

23. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од директорот на ЈП „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. 23-та точка. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Станува збор за претпријатие кое што е ново формирано и кое што сеуште нема ниту еден трајно вработен во претпријатието, меѓутоа по мои информации кои што ги имам околу 15 души изнесува вкупниот број на вработени моментално. Иако минатата година тргнавме со реализацијата на оваа идеја за формирање на ЈП за Градски Превоз тргнавме со една идеја дека истото треба да биде дел во рамките на ЈП за паркирање, образложението беше дека заради одредени да кажам законски пречки не беше возможно истото да се стави во рамки на ЈП за паркирање, па направивме ново претпријатие и првичните излагања овде беа дека ќе бидат вработени не повеќе од 10 луѓе, двајца администрација, 8-мина луѓе кои што ќе во рамките на оноа што претставува примарна дејност, односно возачи и еден директор. Од таа позиција стартна од која што тргнавме во моментот кога се формира ЈП, исправите ме ако грешам, меѓутоа мислам дека околу 15 вработени имате во овој момент, што е одма нешто повеќе во однос на оноа што сме го разговарале овде и денеска добиваме точка на дневен

ред Годишен План за вработување кај што гледаме дека за наредна година планирате 27. Ако го погледнете извештајот на ЈП за паркирање ќе видете дека најголем дел од расходите кои што истото ги прави се околу 30% што одат за плати на 15 вработувања, а најголем дел од приходите кои што ги остварувате се половина од превоз на ученици, кои што се дотации од министерствата во Општината и од страна на пштината која што дава дотација со цел да го помогне ЈП, заради фактот што станува збор за ново ЈП и истото не може одма да почне да генерира доволно приходи за да обезбеди некаква си финансиска одржливост на истото. Ако почнеме да го гласаме и да го реализираме овој план, овде имате наведено 27 работни места, од кои што имате 6 души администрација, 14 лица возачи, двајца евидентичари, двајца раководители и тројца возачи на полесни возила. Сметам дека ако го гласаме овој Годишен план за вработување ви оставаме простор да вие утре си вработувате по некои други директиви, знаеме какви, а не по однос на оноа што претставува нормално функционирање и работење на ЈП, бидејќи не може да тргнеме со позиција 10, а да завршиме, со 10 вработувања, а да завршиме на крај на 27 и да ви оставиме отворена шанса и можност да вие си вработувате веројатно не по ваше убедување, туку по нечија друга директива и мислам дека не треба уште на старт да го тониме да кажам ЈП. Треба и овие кои што ви се вработени сега да и вие како директор треба да работите на она што претставува промоција и доближување на Јавниот превоз до граѓаните се со цел да ЈП ги зголеми во наредниот период дополнително оноа што претставува основен да кажам приход. Така да сметам дека јас би гласал против овој Годишен План за вработување, чисто да не го доведуваме уште во старт ЈП во незавидна состојба.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи овој план за работа дали станува збор за образовна институција, дали станува збор за МОН, дали станува збор за ЈП станува збор значи за број на вработени кои што треба да бидат ставени согласно потребите на ЈП, односно самото претпријатие. На почетокот зборевме да почниме, да со 10, меѓутоа согласно со текот на работата на претпријатието ќе знаеме дали ќе ни требат повеќе од 10 луѓе да бидат вработени. Тука воопшто не станува збор да си вработува директорот како што сака, не знам дали од некое искуство го зборите ова, меѓутоа станува збор за луѓе кои што треба да бидат примени за да ги извршуваат нормално функциите за потребите на граѓаните. Тоа значи шоферот кој што треба да возе 8 часа треба да одмара, па има втора смена која што треба да биде бтој 8 часа, може да ги опслужуваме овие граѓани. Значи линиите кои што беа поставени се увиди според планот кој што увидов јас не може да биде реализиран со овие 10 шофери на автобуси. У моментов во разговор со шоферите, значи кај нив се јавува едно мало незадволство затоа што се малку повеќе оптеретени,

со тоа што ги извршуваат своите работни задачи, имаат и прекувремени часови сметам и мислам таму, кои што му се нормално платени, меѓутоа колку и да се платени сепак самиот човек си бара да си биде и одморен, така да сметам дека овој план за работа е согласно потребите за нормално функционирање и работење на ЈП и ќе го гласам позитивно.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советиче. Повели реплика Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега јас не зборувам од мое лично искуство, туку од ваше. Погледнете ги бројките во кварталните извештаи и видете ги издатоците за плата, видете го бројот на вработените по ЈП-ја, по јавните институции на локално ниво и ќе видете за што ви зборувам. Јас не сакам да му дадам на некој шанса да си вработува онака како што ќе му текне него. Како може да промашиме да на почетокот кога сме го формирале ЈП сме рекле дека одиме со 10 и да промашиме х3. Ај да промашиме за двајца, за тројца вработени, али да промашиме за 17 души мислам дека уште во старт ни бил згрешен концептот или не знаеме да едноставно планираме. Како може ние после 6 месеци да за 3 пати ставаме поголем број од оноа кое што сме го разговарале претходно и на крајот на што ќе се сведе работата, кога ќе почниме да вработуваме повеќе лица од она што е потребно во самото ЈП или пак ќе ја зголемувате цената и онака е една од највисоките во Македонија за јавен превоз или ќе даваме дотации од Општината што се пари повторно собрани од страна на граѓаните.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко, уствари може да одиш. Има едно мое гледиште јас што сакам да го изложам. Тоа што кога се формира ЈП ние како Совет нели ги подржавме за меѓуопштинска линиска соработка на Јавен превоз со Неготино и со Росоман, така да апсолутно со проширување на опфатот на линии и што поголем број на граѓани од цела територија на Тиквешијата сметам дека со тоа се зголеми и обемот на работа, не беше иницијално почетокот замислен само за територијата на Општина Кавадарци значи во тој правец кога се формира ЈП ние го проширивме и опсегот на користење на услугата и на територијата и на Росоман и на Неготино. Мислам дека во тој аспект јас би гласал за Планот за вработување, меѓутоа ајде повели Директоре ваше гледиште.
ДИРЕКТОР НА ЈП„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ: Добарден на сите. Само да образложам во врска со систематизацијата, значи не е точно дека бројката е зголемена за 17 луѓе, односно имаме само зголемување во делот на помлад возач на автобус во Јавен превоз, претходно беа 9, сега се 14 луѓе и додадена е ставката за возач на лесно моторно возило, претходно немавме такво предвидено работно место, сега имаме број на возачи 3. Тоа се мисле на овие возила што ги имаме со 8 патници, каде што шоферите ни не потребни со Б категорија. Сите други работни места беа претходно исто во претходната систематизација и од тука бројот се зголемува врз основа на тоа што го искажаа и

претходно советници и Претседателот. Значи врз основа на зголемување на обемот на работа. Линијата со Росоман, сега имаме 5 линии каде што не беа предвидени, се спремаме да воведиме линија со Неготино и плус од Првиот Квартал до Вториот може да забележите дека имаме разлика од 700 000 денара, плус приходи од превоз на слободен превоз. Тоа се мисле на деца што ги возиме од школи, од секции, фудбалски клубови, кошаркарски клубови и сите тие работи ни создаваат проблем, бидејќи најголем дел од тој превоз се одвива за викендите каде што ние имаме и редовни линии и сите возачи ни се преоптеретени. Само во тој дел е зголемувањето на систематизацијата. Значи да не одиме, не знам со надополнување на часеви кои што веќе и не можеме да им ги плаќаме на постоечките шофери, затоа се зголемува систематизацијата. Тоа е.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Директоре јас мислам дека вие пред да бидете директор ги следевте редовно седниците и мислам дека ако се сетите н а нашите дискусии во однос на ова ЈП, Планот кој го дискутиравме тука е дека тоа ЈП ќе функционира со 10-11 вработени. Разбирате. Ме разбирате. 10-11 вработени од кога не успеа оној обид да биде во рамки на ЈП Паркинг. Јас тргнувам од таа позиција. Сега стигнуваме на позиција 27 по новиот План кој што. Видете го таму пише 27 нови вработувања за годината за која што се однесува Планот.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници благодарам на сите. Го ставам на гласање. Кој е за. 9. Диме. За. 10. Кој е против. 7 против. 1 воздржан.

24. Стратегија за безбедност во сообраќајот на општина Кавадарци за период 2023/2027 со Акционен План за безбедност на патиштата;
    СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Претседателе тука имам само забелешка. Извештајот кој што е доставен до кај нас, овој Акционен План е напишан на три јазика македонски, англиски и српски. Така да нека се извршат корекции, затоа што имаше многу технички грешки. Во Акциониот План наместо Општина Кавадарци, пишува Општина Тетово.
    Уште еднаш е доставен. Добро јас го немам видено.
    ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.
25. Годишна Програма за работа на безбедност на патиштата за Општина Кавадарци за 2024 година;
    Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Диме. За.
26. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(лекување);
    Отварам претрес. Ја ставам точката на гласање. За.
27. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(лекување);

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.

28. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за штети настанати од поплави на територијата на Општина Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани добро е што Општина Кавадарци ќе одвои дел од средствата за надомест на штета на овие земјоделци кои што претрпеја штети од наноси, однесно оштетување од страна на излевање на речните корита, меѓутоа тука би сакал да напоменам дека во оваа вегетациска година заради лошите климатски услови на територијата на Општина Кавадарци се јави една болест во лозарството која што нанеси огромни штети. Можам слободно да кажам дека некаде отприлика според кажување на земјоделците од 60-70% од родот е веќе пропаднат, знаејќи дека до крајот на јуни месец земјоделците 90% од средствата за производство на грозје веќе им се внесени како трошоци, односно ги имат реализирано. Сметам дека ние како Совет на Општина Кавадарци да побараме една средба со ресорното министерство и агенцијата за финансиска подршка, да се виде дали може и како може да се анулираат овие штети, односно да им се помогне на нашите сограѓани, затоа што веќе лозарството е клекнатао на колена и можам да кажам заради оваа болест под знак прашалник е квалитетот на преостанаото грозје, кое што остана за берба, меѓутоа би било добро да се иницира една средба со ресорното министерство, односно со Агенцијата за финансиска подршка, да видиме до што може и како може да се изреагира додека сеуште оваа година, оваа реколта тече.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче вака. Вашиот предлог беше за земјоделски култури, а бидејќи оваа 28 точка е финансиски средства од Општина Кавадарци за штети направени на терет на поплави. Сметам дека вашето излагање беше во правец на наредната точка, на Извештајот, значи ова е за поплави. Подобро би било вашето гледиште и вашето излагање да биде во наредната точка, која што е во правец на настанати штети на земјоделски култури.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас се извинувам мислев дека е за земјоделските култури.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Значи точката 28 ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

Значи точка 29. Тоа е:

29. Извештај во врска со настанатите штети на земјоделски култури од невремето што ја зафати Општина Кавадарци на ден 17.06.2023 година;
Со Заклучокот на советникот Пере Николов, кој што е планирано да се оствaре средба со Советот на Општина Кавадарци заедно со ресорното министерство за намалување или да се виде начин на кој може да се обештетат нашите лозари, една заедничка средба за овој проблем со пепелници и со пламењача на лозјата. Јас заедно со Заклучокот точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. Едногласно.
30. Извештај за парцели кои се во градежен опфат;
Отварам претрес. Повели Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Воа беше да кажам едно од нашите залагања и доста пати дискутирав јас во однос на оваа тема и од минатата година до сега добро е што се роди волја да се корегира и да се постапе онака како што е правилно. Навистина ми е мило бидејќи го гледам големиот број на катастарски парцели. Претпоставувам дека голем дел од граѓаните, кои што плаќаат данок на имот ќе му се корегира овој износ значително, бидејќи имаше голема реакција од страна на граѓаните во однос на даночните решенија кои што му беа доставувани, во однос на она што е сумата која што им се наплаќа, бидејќи станува збор за катастарски парцели кои што се наоѓаат во Генерален План, меѓутоа во кои што нема донесено ДУП и тие граѓани се наоѓаат во Генерален План, меѓутоа бидејќи нема ДУП најголем дел од тие парцели не се поврзани со инфраструктура, немаат соодветна инфраструктура, немаат улици, не можат да градат таму заради тоа што не можат да извадат градежна дозвола , да платат комуналии заради тоа што нема ДУП и не е извесно кога би имало за тие парцели ДУП и да можат граѓаните да си ја користат намената за градење која што му е определена во однос на Генералниот и во однос на Деталниот План и со ова мислам успеавме да постигниме, една да кажам неправда која што ќе им ја нанесевме на овие граѓани на Општина Кавадарци, а гледаме дека не се малце да плаќаат во наредните години високи суми по 200, 250,300 евра данок на имот, а и парцелите да не можат да ги користат соодветно со она што им е намена и во однос на она што им се наплаќа во, да кажам даночните решенија за данок за имот. Така да сметам дека добро е кога некој пат се слуша и

другата страна, бидејќи не зборуваме злонамерно. Ние сме овде да ги браниме интересите и барањата на граѓаните на Општина Кавадарци и добро е што ова наше залагање и една голема голема неправда која што бевме на раб да им се нанесе на овие граѓани ќе биде исправено, со што ќе им бидат корегирани даночните решенија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. Едногласно усвоена.

31. Предлог-Одлука за примање на донација –движна ствар-туристички воз од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење без надомест на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

    Почитувани советници на социјалните мрежи бевме во можност да ја видиме идејата од страна на Градоначалникот за оваа движна ствар, туристички воз. Јас лично од мое име и од името на Градоначалникот се радувам за сите нас, би им посакале успешна летна сезона на тоа туристичко вовче, кое треба да гравитира од 12-те Другари, по самата патека значи по патеката на 12-те Другари до Моклиште. Се надевам ќе има голема детска радост и нека му е со среќа на ЈП Јавен Превоз за стопанисување со истото. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

32. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Ќире Шопов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

    Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Едногласно.

33. Предлог-Одлука за примање на донација – метална одбојна ограда за поставување на еластична ограда од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија;

    Отварам претрес. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Диме. За. Едногласно.

34. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Проект„ Изградба на улица „Лазо Асијата фаза 2„;

    Отварам претрес по оваа точка, никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. За.

35. Предлог-Одлука за забрана за движење на тешки товарни возила со вкупна маса над 15 t, во деновите при екстремни високи температури;

    Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Едногласно. Диме. За.

36. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Ова е 36-та точка. Едногласно усвоена.

37. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет на општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци донесена од УО на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ .

Дали некој бара збор.Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. За. Едногласно усвоена.

38. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на возниот ред на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ на територијата на Општина Кавадарци.

Точката ја ставам на гласање. Диме. За. Едногласно.

Почитувани советници со тоа е исцрпен денешниот дневен ред. Сакам на кратко пред да ја затворам седницата, наредната седница најверојатно ќе биде втората половина од месец август . Во тек е конкурс за доделување на Седмосептемвриска награда. Конкурсот трае до 17-ти август 2023 година. Така да во интерес на кавадаречката јавност, во интерес на нашите жители, нашите гласачи може да апелираме за одзив, ќе има конкурс кој треба да биде, потоа низ фаза на процедура добитник така да наредната седница се гледаме втората половина од месец август. Да ви посакам пријатни летни одмори. Секое добро.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов